# 128 години од смртта на Григор Прличев

Григор Прличев

(1830/31-1893)



- ,,Да ја пишувам ли својата биографија? Да ги обнародувам ли најтанките подробности на својот краток живот? Долго време се колебав и ниту би сум пишувал ако не бев уверен дека биографиите се доста полезни книшки."

(Автобиографија-Григор Прличев)




This Photo by Unknown author is licensed under CC BY-SA.

# Живот и дело

- **,,Роден сум во Охрид на 18 јануари 1830 година според едни, 1831 година според други.Затоа и ретко спомнувам дати...".**

**(Автобиографија- Григор Прличев)**

- Потекнува од сиромашно семејство. Татко му Ставре починал кога Григор Прличев имал само шест месеци. Грижата за семејството ќе падне врз неговата мајка Марија.

Љубовта кон книгата Прличев ја добил од  неговиот дедо кој му го купил првиот грчки буквар кога  Григор имал само четири години.


This Photo by Unknown author is licensed under CC BY.

- На крајот од својот живот неговиот дедо и оставил завет на мајка му да го испраќа Григор на училиште.



# Школување

- Школувањето го започнал во Охрид, а најголем впечаток и влијание врз Прличев ќе изврши неговиот учител Димитар Миладинов за кого ќе напише:
- **,,Тој во секоја постапка имаше нешто привлечно.Речта му течеше од устата како мед."**

# Престојот во Атина

- Во 1850 година се запишува на Медицинскиот факултет во Атина, но никогаш не го завршува.
- Вниманието му го привлекол литературниот конкурс објавен на кој учествувал со поемата ,,Сердарот"( *Ο Αρμάτωλος*- „О Арматолос“)
- На 25 мај 1860 година пред многубројната публика, неговата поема била прогласена за најдобра и ја освоил првата награда
- Би наречен втор Хомер и се закитил со ловоров венец.




Ο ΑΡΜΑΤΩΛΟΣ

1860.

1860.

Поемата ,,Сердарот“ ја раскажува тажната приказна за загинувањето на славниот јунак и заштитник на народот, Кузман Капидан.

# Поемата „Сердарот" започнува со стиховите:

- **Пискотници се слушаат од Галичник во Река,**
  **Што тешка несреќа ги збра**
  **и мажите, и жените, та гласи тажна ека**
  **и навева сал коб и зла?**
- **Дал’ град полињата житородни ги беше фатил?**
  **ил’ рој од скакулци се вдал?**
  **Дал’ султанот арачлии пред време беше пратил**
  **да збира арач лут без жал?**
- **Ни град полињата житородни ги беше фатил,**
  **ни рој од скакулци се вдал,**
  **ни султанот арачлии предвреме беше пратил**
  **да збира арач лут без жал!**
- **Та Кузман, јунак славен, падна убиен од Гега,**
  **тој сердар прочут падна в бој,**
  **и ќе ги гази пљачкашот планините ни сега,**
  **и да ги брани нема кој...**

- Следната година повторно учествувал на литературниот конкурс со поемата ,,Скендер-бег", но таа година конкурсот не се одржал.
- Работел како учител во повеќе места во Македонија
- Се залагал за создавање на општпсловенски јазик(кој би бил комбинација од словенските јазици) и граматика.
- Во 1871 година го објавил препевот на ,,Илијада" од Хомер, за што бил критикуван. Препевот го направил на општословенски јазик.

# Литературно творештво

- Автор е на поемите: ,,Сердарот" и Скендер- бег"
- Автобиографијата која ја пишувал при крајот на својот живот
- во 1872 г. ја објавува песната „Во илјада седумстотин шездесет и второ лето, подоцна преобјавена и во неговата „Автобиографија“.
- песни за деца под наслов „Воспитание"

# Починал во Охрид, на 6 февруари 1893 година



- Гробот на Глигор Прличев се наоѓа зад црквата Света Богородица Перивлепта во Охрид

# Меморијална куќа на Григор Прличев во Охрид



